**20230270449**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ОХРИД И СТРУГА ЗА 2023 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува намената на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, Раздел 121.01 - Министерство за животна средина и просторно планирање, потпрограма 2Е-Колекторски систем Охрид и Струга, сметка 637-12.

II

За реализирање на оваа програма се обезбедуваат средства во износ од 40.400.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се реализираат како капитални субвенции за претпријатија и невладини организации за Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје, за реализација на проектот „Санација и унапредување на функционалноста на колекторскиот систем на Охридското Езеро“, согласно договори помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје.

Средствата од став 1 на овој дел ќе се реализираат врз основа на проектен Договор за санација и унапредување на ефикасноста на колекторскиот систем Охрид-Струга склучен помеѓу Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје и избрано правно лице врз основа на спроведена постапка за јавна набавка од страна на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје.

III

Средствата од дел II став 1 од оваа програма ќе се користат од правното лице од дел II став 2 од оваа програма, по доставена документација за извршени и реализирани активности (времени ситуации со предмер пресметка, градежен дневник и градежна книга, извештај од надзорен орган и Договор за цесија) за проектот „Санација и унапредување на функционалноста на колекторскиот систем на Охридското езеро“.

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-663/5
1 февруари 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.